Република Северна Македонија
Министерство за економија

Министерство
за економија

Бр. 04-1343/2
Скопје 12.03.21 година

Јурај Гагарин, 15
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3093408
Факс: (02) 3084472
www.economy.gov.mk
email:info@economy.gov.mk

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во Министерството за економија

Скопје,март 2021 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РСМ“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 143/19 и 14/20), министерот за економија, на ден 12.03.2021 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во Министерството за економија

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници и помошно – технички лица) во Министерството за економија и органот во состав без статус на правно лице (Управа за наменско производство) во натамошниот текст: Министерство, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Министерството се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Министерството.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Министерството, е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 288 работни места од кои 3 работни места се предвидени како Инспектори согласно Закон за Инспекциски надзор и Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема. Пополнети се 146 работни места на административните службеници, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Министерството за економија и органот во состав без статус на правно лице (Управа за наменско производство) број 04-1343/1 од 12.03.2021 година.

II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 6

Работните места од членот 5 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
А01	1	1
Б01	11	6
Б02	14	12
Б03	17	9
Б04	42	22
В01	89	37
В02	15	7
В03	6	2
В04	67	37
Г01	19	11
Г03	1	/
Г04	6	2
ВКУПНО	288	146

Член 7

Општите услови за работните места од член 6 на овој правилник се утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор за адмнистративните службеници и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,

- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 8

(1) Државниот секретар во министерството треба да ги исполнува посебните услови за работното место за нивото Б4 на раководни административни службеници, и тоа:
- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- доказ за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа: најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- доказ за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор,

односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
- за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

(3) Потребни општи работни комепетенции на напредно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг; учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 10

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
- за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, геРСМански)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

(3) Потребни општи работни компетенции на средно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 11

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;

(2) Потреби општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 12

Согласно Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема инспектор може да биде лице на ниво ИНС0101Б04001, ИНС0101Б04001 и ИНС0101Б04001, и тоа:

(1) Кандидатот за инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови:

1) стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

2) работно искуство и тоа:

- Б1 – најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор,
- Б2 – најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор и
- Б3 и Б4 – најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор;

3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;

4) посебни работни компетенции за сите нивоа:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

III. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИТЕ ЛИЦА

Член 13

Во овој правилник се утврдени и опишани 2 (две) работни места на помошно – технички лица, распоредени во Управа за наменско производство согласно Правилникот за внатрешна организација на Министерството за економија.

Член 14

Работните места од членот 13 на овој правилник се распоредени на следниов начин:

- група 4, подгрупа 5 – други помошно – тенички лица на ниво 2 со назив КВ дактило работник
- група 4, подгрупа 5 – други помошно – тенички лица на ниво 2 со назив домаќин

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
А02	1	0
А02	1	0

Член 15

Општите услови за работните места од член 13 на овој правилник се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 16

Во Министерството за економија се утврдени три (3) работни места на кабинетски службеници и тоа:

Назив на работно место	КАБИНЕТСКИ СЛУЖБЕНИК ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
Назив на работно место	КАБИНЕТСКИ СЛУЖБЕНИК ЗА ПРАВНИ ПРАШАЊА
Назив на работно место	КАБИНЕТСКИ СЛУЖБЕНИК ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА

Во Министерството за економија истотака се утврдени и три (3) работни места на посебни советници и тоа:

- Посебен советник за инвестиции
- Посебен советник за меѓународна трговија и

- Посебен советник за минерални суровини и енергетика

Член 17

IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНОТ ВО СОСТАВ БЕЗ СТАТУС НА ПРАВНО ЛИЦЕ (УПРАВА ЗА НАМЕНСКО ПРОИЗВОДСТВО)

ДРЖАВНИ СЕКРЕТАР

1. ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА	
Реден број	1
Шифра	УПР 0101А01000
Ниво	А 1
Звање	Државен секретар
Назив на работно место	Државен секретар
Број на извршители	1
Одговара пред	Министер
Вид на образование	Економски науки, правни науки или организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно и ефективно раководење со административните службеници, дава упатства на раководните и другите службеници и вработени во институцијата, особено во контекст на управувањето со човечките ресурси, како и решава за правата, обврските и одговорностите на административните службеници на начин и во постапки утврдени со Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и други закони и правилници.
Работни задачи и обврски	- ефикасно и ефективно работење на органот, како и обединување на работата на органот; - раководи со стручната служба на органот и дава упатства на раководните и другите службеници, особено во контекст на управувањето со човечките ресурси; - одговара за унапредувањето на организацијата и условите за работа на органот, уредноста и ажурноста во работата по предметите и вршењето на работите во органот, како и спроведувањето и остварувањето на стратешкиот план, програмата за

	работа и буџетот на органот; се грижи за навремено спроведувањето на одлуките и заклучоците на Владата, како и насоките и упатствата на функционерот кој раководи со органот; - учествува во работата на Генералниот колегиум на државни секретари; - координира со подготвувањето на извештаи, предлози, програми, информации и други материјали, како и материјали за седници на Владата, - непосредно соработува со генералниот секретар на Владата, со другите секретари и функционери кои раководат со други органи; - одржува контакти на соодветно ниво со домашни и меѓународни организации, кога за тоа е овластен - учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија

ДРЖАВНИ СОВЕТНИЦИ

2. ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ	
Реден број	2
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за управување со човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование Други посебни услови	Наука за книжевноста
Работни цели	вршење најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност по однос на прашањата од управување со човечките ресурси
Работни задачи и обврски	методолошка, организациска и техничка поддршка во изработка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, - планирање и екипирање на човечките ресурси во нивната квалитативна и квантитативна димензија, - пополнување на работните места преку вработување со јавен или интерен оглас – прераспоредување,

	- воведување во работата и менторство, проценка и анализа на потребите од обуки, планирање на обуки, - учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, кога за тоа е овластен изготвува прописи и други материјали (информации, извештаи, планови) за реализација на Проекти на Владата на Република Северна Македонија, како и други документи предвидени со акциските планови на Владата на Република Северна Македонија за спроведување на тие проекти - учествува во изготвувањето на Програмата за работа на Министерството и Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и актите за реализација на јавните набавки на министерството;

3.ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА	
Реден број	3
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за економска политика и финансиски прашања
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	вршење најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност по однос на инвестиционите активности во областа на стратешкото планирање, буџетот и макроекономската политика согласно надлежностите на Министерството утврдени со Закон и финансиските прашања
Работни задачи и обврски	изготвување на стратешкиот план за работа на Министерството, буџетските програми и потребна буџетска поддршка - изготвување на предлог-иницијативите на Министерството за програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за тековната година

	- утврдување на потребните буџетски средства за реализација на програмите на Министерството за тековната година и нивна реализација - реализација на државната програма за превенција и репресија на корупцијата и на акцискиот план на Владата на Република Северна Македонија и Законот за класифицирани информации - организација и учество во изготвувањето на националните развојни документи (Националниот развоен план, Предпристапна економска стратегија, Национални документи за IV компонента на ИПА), - утврдување на предлозите за тековната макроекономска политика на Владата на Република Северна Македонија во делот на надлежностите на Министерството - со овластување на министерот потпишува акти (поломошна, согласности и акти кои повлекуваат финансиски импликации за Министерството за економија и органите во состав), во отсуство на државните советници од другите сектори ги потпишува актите кои се надлежност на сите сектори во Министесртвото за економија и во случај на отсуство или спреченост на секретарот, го заменува со сите негови овластувања и одговорности, врз основа на овластување од функционерот кој раководи со органот

4. ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ПРАВНИ РАБОТИ	
Реден број	4
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за правни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	вршење најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност по однос на прашањата од правниот систем
Работни задачи и обврски	- подготвување и предлагање концепти по правни прашања поврзани со донесувањето, измените и дополнувањата на законите и подзаконските акти

	од надлежност на Министерството - учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, кога за тоа е овластен - ги извршува и координира работите за усогласување на законодавството со европското законодавство од надлежност на Министерството - изготвува прописи и други материјали (информации, извештаи, планови) за реализација на Проекти на Владата на Република Северна Македонија, како и други документи предвидени со акциските планови на Владата на Република Северна Македонија за спроведување на тие проекти - учествува во изготвувањето на Програмата за работа на Министерството и Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и актите за реализација на јавните набавки на министерството;

5.ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ	
Реден број	5
Шифра	УПР 0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за евроинтеграции
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	вршење најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност по однос на активности од областа на евроинтеграциите
Работни задачи и обврски	-изготвување на стратешка развојна документација во областа на евроинтеграциите -иницира и предлага ставови по начелни прашања од областа на евроинтеграциите - активно соработува со останатите министерства и други институции, агенции и организации во земјата, како и со институциите на ЕУ, амбасадите, меѓународните и регионалните организации за прашања поврзани со евроинтеграциите - координација на активностите за спроведување на ССА и другите договори склучени меѓу земјата и ЕУ, како и

	учество во работата на работните тела формирани во рамките на склучената спогодба и другите договори со ЕУ во кои е претставено Министерството . -активно учествува во координацијата на активностите на проектите финансирани од ИПА и другата странска помош, а кои се поврзани за реформите комплементарни на процесот на интегрирање во ЕУ; -ги конципира и координира активностите во донесувањето на законската регулатива од аспект на усогласеноста со aquis communitaire правото на ЕУ и нивната примена.

6.ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА	
Реден број	6
Шифра	УПР 0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за меѓународна соработка
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Економски науки или Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	вршење најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност по однос на инвестиционите активности во областа на меѓународната соработка.
Работни задачи и обврски	- изготвување на стратешка развојна документација во оваа област - иницира и предлага ставови по начелни прашања од областа на меѓународната соработка - активно соработува со останатите министерства и други институции, агенции и организации во земјата - ги конципира и координира активностите во донесувањето на законската регулатива од областа на меѓународната соработка - учествува во активностите околу потенцијалните проекти од областа на меѓународната соработка

7.ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ВНАТРЕШЕН ПАЗАР	
Реден број	7
Шифра	УПР 0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за внатрешен пазар

Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	вршење најсложени задачи што бараат посебна самостојност во областа на заштита на потрошувачите, слободното движење на стоки, моторните возила и други технички прописи
Работни задачи и обврски	- изготвување на стратешка развојна документација во оваа област - иницира и предлага ставови по начелни прашања од областа на заштита на потрошувачите, слободното движење на стоки, моторните возила и други технички прописи - активно соработува со останатите министерства и други институции, агенции и организации во земјата - ги конципира, координира активностите и предлага мерки за конкурентност и единствен пазар и активности за приоритети за усогласување на европското право од значење за националната индустрија во делот за оцена на степенот на усогласеност со европските правила за техничките барања за безбедност на производите и нивните технички карактеристики, постапките за оцена на сообразност, постапките за нотификација и CE означувањето - учествува во активностите околу потенцијалните проекти од областа на заштита на правата на потрошувачите и безбедноста на производот

8.ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ЕНЕРГЕТИКА	
Реден број	8
Шифра	УПР 0101Б01000
Ниво	Б 1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за енергетика
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Правни науки, организациони науки (менаџмент) или економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	вршење најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност по однос на инвестиционите

	активности во областа на енергетиката и подржување на работата на секретарот односно функционерот кој раководи со органот каде не се именува секретар
Работни задачи и обврски	- иницира и предлага ставови по начелни прашања од областа на енергетиката - активно соработува со останатите министерства и други институции, агенции и организации во земјата и надвор - ја усогласува со регулативата и директивите на Европската енергетска заедница и се залага за нејзина имплементација - учествува во активностите околу потенцијалните инвестициони проекти од областа на енергетиката и активно соработува со сите лиценцирани учесници на пазарот на енергијата - координира со изготвувањето на подзаконските акти со цел доследно спроведување на законот за енергетика; - активно учествува, организира и кординира конгреси, советувања симпозиуми и други од областа на енергетиката - координира, учествува во изготвувањето на информации во врска со енергетиката

9.ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ	
Реден број	9
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б 1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за минерални суровини
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Геологија и минерологија
Други посебни услови	
Работни цели	вршење најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност по однос на инвестиционите активности во областа на минерални суровини и подржување на работата на секретарот односно функционерот кој раководи со органот каде не се именува секретар
Работни задачи и обврски	- иницира и предлага ставови по начелни прашања од областа на минералните суровини

	- активно соработува со останатите министерства и други институции, агенции и организации во земјата и надвор - учествува во активностите околу потенцијалните инвестициони проекти од областа на минерални суровини - координира со изготвувањето на подзаконските акти со цел доследно спроведување на законот за минерални суровини; на годишните програми за реализација на основните геолошки истражувања и учествува во изготвувањето на националната програма и се грижи за нивното доследно спроведување - активно учествува, организира и кординира конгреси, советувања симпозиуми и други од областа на геологијата, рударството (експлоатацијата) - координира, учествува во изготвувањето на информации во врска со состојбите со детални геолошки истражувања и експлотација на минералните суровини

10 ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ИНДУСТРИСКА И ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ	
Реден број	10
Шифра	УПР 0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за индустриска и инвестициска политика и општествена одговорност
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент) или Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Навремено извршување на најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност по однос на инвестиционите активности во областа на индустриската политика и општествената одговорност.
Работни задачи и обврски	- изготвување на стратешка развојна документација во областа на индустриска политика и инвестиции

	- иницира и предлага ставови по начелни прашања од областа на индустриската политика и општествената одговорност, - активно соработува со останатите министерства и други институции, агенции и организации во земјата и странство; - ги конципира и координира активностите во донесувањето на законската регулатива од областа на индустриската политика, и општествената одговорност, - учествува во активностите околу потенцијалните проекти од областа на индустриската политика и општествената одговорност; - учествува во регионални проекти и иницијативи кои поттикнуваат регионална соработка; - следи европски и глобални политики поврзани со индустриски развој и инвестиции, и дава предлози за прилагодување на домашните политики

11. ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КОНКУРЕНТНОСТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА	
Реден број	11
Шифра	УПР 0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент) или Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Навремено извршување на најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност по однос на инвестиционите активности во областа на претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија.
Работни задачи и обврски	- изготвување на стратешка развојна документација во областа на малите и средни претпријатија и занаетчиството; - иницира и предлага ставови по начелни прашања од областа на малите и средни претпријатија и занаетчиството; - активно соработува со останатите министерства и

	други институции, агенции и организации во земјата и странство; - ги конципира и координира активностите во донесувањето на законската регулатива од областа на малите и средни претпријатија и занаетчиството; - учествува во активностите околу потенцијалните проекти од областа на на малите и средни претпријатија и занаетчиството; - учествува во регионални проекти и иницијативи кои поттикнуваат регионална соработка; - соработува со меѓународни организации и донатори поврзани со проекти и активности за поттикнување на национална и регионална конкурентност; - учествува во Подкомитетите со Европска Комисија и ги следи НПАА и поглавјата поврзани со деловна клима и конкурентност на претпријатија; - следи европски и глобални политики поврзани со развојот на малите и срдни претпријатија и дава предлози за прилагодување на домашните политики;

12.ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО, ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА	
Реден број	12
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање Назив на работно место	Државен советник Државен советник за туризам и угостителство, инвестиции и промоција и примена на законот за јазиците
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Економски науки или Наука за книжевноста
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно креирање на туристичката, угостителската политика предлагање и иницирање начелни прашања од областа на туризмот и угостителството
Работни задачи и обврски	- изготвување на стратешка развојна документација во оваа област - учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија,кога за

	тоа е овластен - дава мислења во врска со непосредна примена на законот за употреба на јазиците, прописите и општите акти - дава придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од областа на законот за употреба на јазиците, кои бараат одлуки од високо ниво - Подготвува материјали и документи, кои содржат совети по прашања поврзани со одредени политики од областа на туризмот и угостителството и со остварувањето на програмата за работа на органот - мислења за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на органот - учествува во активностите околу потенцијалните проекти од областа на туризмот - соработува со другите државни советници и раководители на сектори во органот, како и на соодветно ниво со другите органи и невладини организации и во случај на отсуство или спреченост на секретарот, го заменува со сите негови овластувања и одговорности, врз основа на овластување од функционерот кој раководи со органот

V. НЕЗАВИСНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

V.1. Одделение за внатрешна ревизија

V. НЕЗЕВИСНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА	
V.1 Одделение за внатрешна ревизија	
Реден број	13
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за внатрешна ревизија – овластен ревизор за јавен сектор
Број на извршители	1
Одговара пред	Министер
Вид на образование	Економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	Да има поминато обука и положен испит за овластен внатрешен ревизор во јавен сектор или да поседува

	меѓународно признат ревизорски сертификат
Работни цели	Раководење на одделението, организирање и координирање на работата за навремено и квалитетно извршување
Работни задачи и обврски	- ги распоредува работите и задачите на вработенитево Одделението и дава насоки за нивно извршување во согласност со изготвениот годишен план; - ги врши најсложените работи и задачи од делокругот на Одделението; - ги следи прописите, стандардите, прирачниците и упатствата кои се од значење за внатрешната ревизија и нивната практична примена; - изготвува Стратешки и Годишен план за вршење на внатрешна ревизија врз основа на извршена проценка на ризиците; ги планира и извршува ревизиите согласно со законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и воспоставените ревизорски политики; - го координира спроведувањето на ревизиите, ги одобрува поединечните ревизорски планови, ги прегледува ревизорските извештаи и ги испитува ревизорските докази за да се осигура дека ревизорските препораки се оправдани - врши контрола на квалитетот на спроведените ревизии и доставува извештаи за за вршенитревизии до раководителот на секторот и го известува раководителот на секторот за нерегуларностите и измамите утврдени во текот на ревизијата; го следи спроведувањето на ревизорските препораки од страна на ревидираните субјекти,

V. НЕЗЕВИСНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА	
V1. Одделение за внатрешна ревизија	
Реден број	14
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за внатрешна ревизија
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение

Вид на образование	Економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на внатрешна ревизија во Министерството за економија и органите во состав на Министерството без својство на правно лице
Работни задачи и обврски	- самостојно ги врши работите од надлежност на Одделението што се однесуваат на вршење на внатрешна ревизија во Министерството за економија и органите во состав на Министерството без својство на правно лице; - учествува во изготвувањето на стратешки и годишни планови за ревизија; - ги планира и извршува ревизиите согласно со - законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и воспоставените ревизорски политики; - самостојно изготвува извештај за извршената ревизија; - дава препораки на ревидираниот субјект за отстранување на утврдените нерегуларности и слабости; - самостојно го следи спроведувањето на препораките од страна на ревидираниот субјект; - го известува раководителот на Одделението за нерегуларностите и измамите утврдени во текот на ревизијата; - учествува во изготвувањето на годишниот извештај за работењето на секторот; - самостојно изготвува разни извештаи, информации и прегледи поврзани со работата на Одделението.

V.2. Одделение за стратешко планирање

V. НЕЗЕВИСНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА	
V.2. Одделение за стратешко планирање	
Реден број	15
Шифра	УП0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на Одделение
Назив на работно место	Раководител на Одделение за стратешко планирање

Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Навремено, стручно изготвување на годишните стратешки планови на Министерството за економија
Работни задачи и обврски	- Координира со орагнизационите единици на МЕ и органите во состав околу добивање на потребните податоци при подготовка на стратешките документи на МЕ - примена на законски прописи и други подзаконски акти од областа на стратешкото планирање давање насоки за спроведување на работите и задачите на одделението - составува анализи и извештаи и информации за работата на одделението, како и други прашања од оваа област - изготвува годишен извештај за работата на одделението - изготвува годишна програма за работата на одделението и се грижи за реализација на одобрената програма

V. НЕЗЕВИСНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА	
V.2. Одделение за стратешко планирање	
Реден број	16
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за анализа на стратешкото планирање
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Економски науки, организациони науки (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	спроведување на рутински работи и задачи како подршка на одредени функции од делокруг на одделението од областа на стратешкото планирање
Работни задачи и обврски	- изготвува Информација за остварените резултати во областа на која е надлежна МЕ во функција на реализација на стратешките приоритети и цели на Влада на РСМ - изготвува Стратешки план за работа на

	Министертво за економија помага во извршувањето на одредени стручно-оперативни – - работи околу изготвувањето на Стратешкиот план и буџетот на Министерството - учествува во соработката со организационите единици во Министерството околу добивањето на потребните податоци кои треба да се внесуваат во Стратешкиот план - прибира податоци за стручни анализи, информации и други материјали за изработка на Стратешкиот план на министерството ги следи применува прописите од областа во која што работи

V. НЕЗЕВИСНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА	
V.2 Одделение за стратешко планирање	
Реден број	17
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за административни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	
Работни цели	Административна поддршка за стратешко планирање
Работни задачи и обврски	- подготвува предлог иницијативи за стратешките приоритети и приоритетните цели на МЕ - врши усогласување на Стратешкиот план со одобрениот буџет на МЕ и органите во состав - следење на реализација на Програмата за работа на Владата на РСМ во делот на надлежностите на Министерството за економија - помага при планирањето и обработката на податоците при изработка на стратешкиот план на министерството - помага при прибирање на податоци и информации неопходни за подготовка на Стратешкиот плану - учествува при анализа на одредени податоци за

	изработка на стратешкиот план - помага при следење на прописите од областа на стратешкото планирање

СЕКТОРИ

1. СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ	
Реден број	18
Шифра	УПР0101Б02000
Ниво	Б2
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на Сектор за координација на активностите на министерот
Број на извршители	1
Одговара пред	Државен секретар
Вид на образование	Економски науки, Политички науки или Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно координирање на активностите на министерот
Работни задачи и обврски	- раководи со секторот, ја организира, насочува и координира работата на секторот - ги распоредува работните задачи по одделенија и извршува непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и на задачите, како и следење, вреднување и оценување на остварените резултати во работата на раководителите на одделнијата во секторот - ги извршува работите и задачите што се однесуваат на информирањето на активностите на министерот од делокругот на Министерството и органите во состав - дава стручни мислења и насоки при остварувањето на контактите со средствата за јавно информирање и при организирање на средби со претставниците за медиумите - подготвува преписки, поздравни писма и телеграми и друга кореспонденција од кабинетот - прима странки и во договор со министерот контактира со разни органи и организации и други субјекти - организирање не прес конференции организирање на средби и патувања на министерот во земјава и странство - изготвува годишен извештај за работата на

	секторот и годишна програма за работата на секторот и се грижи за нивна реализација - остварува редовна соработка со другите раководители на секторите и разменува информации и искуства за доследна примена на законските прописи

1. СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ	
Реден број	19
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б03
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на Сектор за координација на активностите на министерот
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	
Работни цели	Поддршка на раководителот на секторот за квалитетно спроведување и извршување на програмата за работата на секторот во врска со планирање на активности на министерот
Работни задачи и обврски	- му помага на раководителот на секторот за прашања што се однесуваат на давање потребна стручна помош на раководителите на одделенијата во работата при вршењето на најсложените работи и задачи - врши работи кои бараат посебна стручност и самостојност во работата што ќе му ги довери раководителот на секторот - иницира решавање на одделни проблеми и одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите кои се вршат во секторот - учествува во изготвување на предлог годишна програма за работа на секторот - го следи извршувањето на заклучоците на Владата од делокругот на работата на секторот

1. СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ
1.1. Одделение за техничка помош на министерот

Реден број	20
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на Одделение за техничка помош на министерот
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	
Работни цели	Раководење на одделението, организирање и координирање на работата за навремена и квалитетна обработка на материјалите за седници на Владата на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија и други материјали за потребите на министерот/заменик министерот или државниот секретар
Работни задачи и обврски	- ја организира, насочува и координира работата на одделението, околу работите кои се однесуваат на потребите на секторот и на министерот - ја прима и ја разгледува поштата упатена до министерот, ја упатува на обработка/увид и потпис кај раководителот на сектор, потоа до надлежната организациона единица на Министерството или органот во состав, - му реферира на раководителот на сектор за работите непосредно поврзани со одделението за техничка помош на министерот, - по потреба за кабинетот и Министерството во целинаги следи извршувањата на заклучоците на Владата од надлежност на министерот - ги извршува работите и задачите што се однесуваат на информирањето на активностите на министерот од делокругот на Министерството и органите во состав.

1.СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ	
1.1 Одделение за техничка помош на министерот	
Реден број	21
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за подршка на активностите на министерот
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Правни науки, Политички науки или Економски науки

Други посебни услови	
Работни цели	Ефективо извршување на работи и задачи кои се однесуваат на материјали за Седници на Влада и соработка со Влада на Република Северна Македонија и Генерален Секретаријат
Работни задачи и обврски	- разгледува и подготвува материјали за министерот - подготвува материјали и документи кои содржат стручни анализи, информации, извештаи и други акти - ги следи прописите и добрите практики кои се однесуваат на делокругот на одделението - извршува стручно – оперативни работи од делокругот на одделението и секторот - дава стручна помош и совети на пониските државни службеници во одделението

1.СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ	
1.1 Одделение за техничка помош на министерот	
Реден број	22
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за преведување од македонски јазик на албански јазик и од албански јазик на македонски јазик
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Наука за книжевноста (албанологија)
Други посебни услови	
Работни цели	Навремено симултано преведување од македонски на албански јазик и обратно за работи од делокругот на работата на Министерството
Работни задачи и обврски	- извршува стручно-оперативни работи во врска со преведување - врши симултано преведување од македонски на албански јазик и обратно на разговорите при престој на странски делегации и поединци во земјата и странство, за работи од делокругот на работата на Министерството - врши преведување од македонски на албански јазик и обратно за работи од делокругот на работата на Министерството односно преведува

	материјали, писма и друга кореспонденција со странство и по потреба одговара на нив - дава стручна помош и совети на помладите државни службеници во одделението; - ги следи и применува прописите од областа во која што работи

1.СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ	
1.1 Одделение за техничка помош на министерот	
Реден број	23
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник – технички секретар на министерот
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	Политички науки, Правни науки или Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	поддршка на секојдневните активности на секторот поврзани со министерот
Работни задачи и обврски	- прибира податоци и информации неопходни за обврските на министерот - закажување на термините за прием на странки кај министерот, и одговара за истите - помага (информира) при закажување на состаноците што ги свикува и организира министерот - помага и одговара при подредување на поштата што ја прима министерот помага и одговара при средување на материјалите што ги доставуваат организационите облици на потпис и увид кај министерот - помага и одговара при средување и комплетирање на материјалите за седниците на Владата и Собранието на Република Северна Македонија и други тела на кои присуствува министерот

1.СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ	
1.1 Одделение за техничка помош на министерот	
Реден број	24
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	Г1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт – технички секретар на државниот секретар

Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	Вишо или Средно образование – Гимназија или средно стручно образование Дактилографско
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење на административно-техничките работи на државниот секретар
Работни задачи и обврски	- извршува работи врз основа на конкретни упатства, насоки и контрола од раководителот на секторот и/или одделението што се однесуваат на вршење на административно-техничките работи на државниот секретар, и за истите го информира раководителот на секторот - прима и пренесува пораки, евидентира и благовремено потсетува на обврските на државниот секретар - ги закажува термините за прием на странки кај државниот секретар - ги закажува состаноците што ги свикува и организира државниот секретар - ги средува материјалите што ги доставуваат организационите облици на потпис и увид кај државниот секретар - ги средува и комплетира материјалите за седниците на Владата и Собранието на Република Северна Македонија и други тела на кои присуствува државниот секретар, - води евиденција за службените списи и податоци и закажува службени разговори, состаноци и друго - одговара и повикува на телефонски повици

1.СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ	
1.2 Одделение за комуникација, протокол и односи со јавноста	
Реден број	25
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на Одделението
Назив на работно место	Раководител на Одделение за комуникација, протокол и односи со јавноста
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на секторот
Вид на образование	Правни науки, политички науки или економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Раководење на одделението, организирање и координирање на работата за навремена, стручна и квалитетна подготовка на обраќања, ставови, изјави и информации за активности на министерот и министерството и предлага план за работа и одговара за навремено, законито и правилно вршење на работите на одделението
Работни задачи и обврски	- учествува во одлучувањето за спроведувањето на конкретни одлуки за работите кои се вршат во одделението по претходни инструкции од раководителот на секторот и дава препораки и предлози за нивно спроведување - ги врши работите што се однесуваат на информирањето за активностите на Министерството, комуникација со средствата за јавно информирање, објавување на публикации и други изданија, обезбедува комуникација со јавноста и другите целни групи; се грижи за уредување и ажурирање на веб страната - подготвува соопштенија и други информации за јавноста, учествува во подготвувањето на публикации, билтени и друга стручна литература што ја издава Министерството - овозможува на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;

1.СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ	
1.2 Одделение за комуникација, протокол и односи со јавноста	
Реден број	26
Шифра	УПР0101В01000

Ниво	B1
Звање	Советник
